# З А К О Н
# ЗА ПРИВАТИЗАЦИЈА И ЗАКУП НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ
# Редакциски пречистен текст [1]

## I ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој закон се уредува приватизацијата, долготрајниот закуп, времениот закуп, одземањето и престанувањето на правото на користење на градежното земјиште во државна сопственост, на кое право на користење имаат физички и правни лица.

### Член 2

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. "Градежно земјиште" е градежното изградено и градежното неизградено земјиште, определено како такво со Законот за градежното земјиште;

2. "Градежно земјиште во државна сопственост" е земјиште на кое право на сопственост има Република Македонија;

3. "Приватизација на градежно земјиште во државна сопственост" е стекнување на право на приватна сопственост на градежното земјиште во државна сопственост на кое право на користење имаат физички и правни лица;

4. "Корисници на градежно земјиште" се физички и правни лица кои правото на користење на градежно земјиште во државна сопственост го стекнале со правна основа а е запишано во катастарот на недвижности до 15.06.2016 година и физичките и правните лица кои користат градежно земјиште по основ на сопственост на објект стекнат со правна основа, а не се евидентирани како корисници на земјиштето во катастарот на земјиште, односно не се запишани како

[1] Редакциски пречистенот текст на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост, ги опфаќа: основниот текст на Законот, објавен во "Службен весник на РМ" бр. 4/05, Одлуката на Уставниот суд на Република Македонија, У.бр. 140/2005, објавена во "Службен весник на РМ" бр.79/06, Законот за изменување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост, објавен во "Службен весник на РМ" бр.13/07, Законот за изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост, објавен во "Службен весник на РМ" бр. 165/08; Законот за изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост, објавен во "Службен весник на РМ" бр.146/09, Законот за изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост, објавен во "Службен весник на РМ" бр. 18/11, Законот за изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост, објавен во "Службен весник на РМ" бр.51/11, Законот за изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост, објавен во "Службен весник на РМ" бр.27/14, Законот за изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежното земјиште во државна сопственост, објавен во "Службен весник на РМ" бр.144/14, Законот за изменување на Законот за приватизација и закуп на градежното земјиште во државна сопственост, објавен во "Службен весник на РМ" бр.72/15, Законот за изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежното земјиште во државна сопственост, објавен во "Службен весник на РМ" бр.104/15, Законот за изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост, објавен во "Службен весник на РМ" бр.153/15, Законот за изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежното земјиште во државна сопственост, објавен во "Службен весник на РМ" бр.23/16, Законот за изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост, објавен во "Службен весник на РМ" бр.178/16 , Одлуката на Уставниот суд на Република Македонија, У.бр. 49/2017, објавена во "Службен весник на РМ" бр.30/18 и Законот за изменување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост, објавен во "Службен весник на РМ" бр.120/18 и Законот за изменување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост, објавен во "Службен весник на РСМ" бр.122/21, во кои е означено времето на нивното влегување во сила и примена.

корисници на земјиштето во катастарот на недвижности, при што земјиштето е евидентирано, односно запишано како сопственост на Република Македонија согласно со Законот за основните сопственоснoправни односи ("Службен лист на СФРЈ" број 6/80 и 36/90), Законот за градежно земјиште ("Службен весник на СРМ" број 36/75, 41/75, 10/79, 51/88, 38/91 и 4/93), Законот за промет со земјишта и згради ("Службен весник на СРМ" број 10/79, 18/89, 21/91 и "Службен весник на Република Македонија" број 71/96 и 18/99) и Законот за сопственост на делови од згради ("Службен весник на СРМ" број 20/74 и 14/75);

5. "Закуп" е стварно право кое се установува меѓу Република Македонија како закуподавец и корисникот на градежното земјиште како закупец, на начин определен со овој закон;

6. "Поранешни сопственици на градежно земјиште" се:

- физички лица, сегашни корисници на градежното земјиште во државна сопственост, кои биле сопственици на земјиштето на денот кога земјиштето е национализирано, односно поопштествено врз основа на закон, одлука на околиски народен одбор или одлука на собрание на општина,

- физички лица сегашни корисници на кои им е пренесено правото на трајно користење на градежно неизградено земјиште согласно со членот 39 од Законот за национализација на наемните згради и градежно земјиште ("Службен лист на ФНРЈ" број 52/58) и задолжителното толкување на членот 39 став 1 од овој закон ("Службен лист на ФНРЈ" број 24/59, 24/61 и 1/63), во периодот до 15 февруари 1968 година, како ден кога е влезен во сила Сојузниот закон за определување на градежното земјиште во градовите и населбите од градски карактер ("Службен лист на СФРЈ" број 5/68 и 20/68), доколку според членот 5 од тој закон пренесеното трајно право на користење на градежното неизградено земјиште во овој период ги исполнува еден од следниве услови: договорот за пренос е заверен од орган надлежен за заверување, ако договорената цена е исплатена преку банка и ако лицето на кое му е пренесено правото на користење ги извршувало обврските спрема заедницата во однос на тоа земјиште и

- физички лица, наследници на физичките лица од алинеите 1 и 2 на оваа точка според прописите за наследување;

- физички лица, сегашни корисници на градежно земјиште во државна сопственост кои правото на користење на земјиштето го стекнале врз основа на договор за дар, договор за доживотна издршка и договор за располагање со имот за време на живот, склучен меѓу поранешниот сопственик и неговите законски наследници според прописите за наследување;

7."Спорно право на користење на градежно земјиште во државна сопственост" е право на користење на градежно земјиште во државна сопственост за кое постојат спорни имотно-правни односи од правна и фактичка природа меѓу корисникот на градежното земјиште и државата како сопственик на земјиштето, односно трети лица;

8. "Неидентичност на градежното земјиште" е состојба на несовпаѓање на фактичката или правна состојба (местоположба, површина, култура, објект) на градежното земјиште со податоците од актот за стекнување на поранешната сопственост, односно правото на користење на земјиштето (местоположба, површина, култура, објект);

9. "Соодветна јавна книга за недвижности" е катастар на недвижности како јавна книга во која се врши запишување на правата на недвижностите;

10. "Акти за урбанистичко планирање со кои се утврдува градежната парцела" се планови предвидени со Законот за просторно и урбанистичко планирање и

11. Објекти изградени со правна основа во смисла на точката 4 на овој член се објектите со запишано право на сопственост во катастарот на недвижности изградени со градежно техничка документација издадена до влегувањето во сила на Законот за сопственост и други стварни права ("Службен весник на Република Македонија" број 18/2001, 92/2008, 139/2009 и 35/10) и Законот за градежно земјиште ("Службен весник на Република Македонија" број 53/2001, 97/2001 и 82/2008).

**Член 3**

(1) Корисниците на градежно земјиште во државна сопственост, за стекнување на право на сопственост, се должни да поднесат барање под услови, на начин и во постапка утврдени со овој закон.

(2) Ако корисниците на градежно земјиште во државна сопственост за стекнување на правата од ставот (1) на овој член во роковите определени со овој закон не поднесат барање, правото се установува под услови и на начин утврдени со овој закон.

(3) Со стекнувањето на правата од ставот (1) на овој член, врз основа на овој закон престанува правото на користење на градежното земјиште во државна сопственост на досегашните корисници на градежното земјиште.

**Член 4**

(1) Сопственикот на градежното земјиште кое се приватизирало има право градежното земјиште да го држи, целосно да го користи и да располага со него по своја волја ако со овој или друг закон поинаку не е определено.

(2) Правото на сопственост на градежното земјиште од ставот (1) на овој член може да биде во правен промет, како право на сопственост на градежно земјиште што претставува цела катастарска парцела или право на сопственост на градежно земјиште што претставува дел од катастарска парцела (идеален или реален дел).

**Член 5**

(1) Градежното изградено земјиште во државна сопственост на кое постои право на закуп може да биде во правен промет само со преносот на правото на сопственост на објектот.

(2) Правото на закуп на градежното земјиште може да се наследува.

**Член 6**

(1) Градежното земјиште што е во општа употреба (јавни плоштади, улици, сообраќајници, паркови и јавно сообраќајни-површини) и градежното земјиште што со просторните и урбанистичките планови е наменето за добро во општа употреба е во државна сопственост и не е предмет на приватизација.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член предмет на приватизација може да биде градежното земјиште на кое право на користење имаат лицата кои се поранешни сопственици на градежното земјиште и физичките и правните лица кои за стекнатото право на користење на градежно земјиште платиле надоместок, а кое со важечките акти за урбанистичко планирање со кои се утврдува градежната парцела е наменето за добро во општа употреба, а намената во моментот на одлучувањето по поднесеното барање за приватизација не е реализирана.

(3) Околноста дали намената на градежното земјиште во моментот на одлучување е во целост или делумно реализирана се утврдува од страна на органот на државната управа надлежен за имотно-правните работи преку увид на лице место извршен од страна на вешто лице-геометар.

(4) Доколку околноста дали намената на градежното земјиште во моментот на одлучување е во целост или делумно реализирана не може да се утврди на начин од ставот (3) на овој член, истата ќе биде утврдена врз основа на известување од страна на општината каде што се наоѓа градежното земјиште кое е предмет на барањето за приватизација, во рок од 15 дена, од денот на доставување на барањето од органот на државната управа надлежен за имотно-правните работи.

(5) Правните дела спротивни на ставот (1) од овој член се ништовни и не произведуваат правно дејство.

**Членот 6-а е избришан,** види: Закон за изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост ("Службен весник на РМ" бр.146/09).

**Член 7**

Градежното неизградено земјиште во државна сопственост кое физички или правни лица го користат врз основа на закуп, заради поставување-изградба на времени објекти или други намени, не е предмет на приватизација.

**Член 8**

Правна заштита на имотните права и интереси на Република Македонија во постапката за приватизација на градежното земјиште во државна сопственост врши Државното правобранителство на Република Македонија.

**Член 9**

Средствата од приватизацијата на градежното земјиште во државна сопственост се приход на Буџетот на Република Македонија.

**Член 10**

За приватизацијата на градежното земјиште во државна сопственост не се плаќа данок на промет на недвижности и права.

**Член 11**

Во постапката за приватизација и закуп на градежното земјиште во државна сопственост се применуваат одредбите од Законот за општа управна постапка, ако со овој закон поинаку не е определено.

## II ПРИВАТИЗАЦИЈА НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

### 1. НАЧИН НА ПРИВАТИЗАЦИЈА

**Член 12**

(1) Градежното земјиште во државна сопственост (во натамошниот текст: градежното земјиште), може да се приватизира од државна сопственост во сопственост на домашни физички и правни лица корисници на градежното земјиште.

(2) Градежното земјиште може да се приватизира од државна сопственост во сопственост на странски физички и правни лица корисници на градежно земјиште согласно со одредбите на овој закон и Законот за сопственост и други стварни права.

**Член 13**

(1) Градежното изградено и градежното неизградено земјиште на кое постојат сокориснички права запишани во катастарот на недвижности во идеални делови се приватизира сразмерно на големината на идеалниот дел од сокорисничкото право.

(2) Градежното изградено земјиште на кое се изградени станови, деловни простории, визби, гаражи и други посебни делови од станбени и деловни згради што имаат два или повеќе станови, односно деловни простории и други посебни делови кои се во сопственост на различни физички или правни лица, а на кое земјиште во катастарот на недвижности не се запишани идеални делови од сокорисничкото право, се приватизира во заедничка сопственост на физичките или правните лица како етажни сопственици, а во рамки на градежната парцела чија површина е дефинирана со актите за урбанистичко планирање со кои се утврдува градежната парцела.

(3) Градежното изградено земјиште на кое се изградени станови, деловни простории, визби, гаражи и други посебни објекти од станбени и деловни згради што имаат два или повеќе станови, односно деловни простории и други посебни делови кои се во сопственост на различни физички или правни лица, а на кое земјиште во катастарот на недвижности не е е запишано право на користење на сопствениците на становите или посебните делови од објекти, односно земјиштето е сопственост на Република Македонија, се приватизира во заедничка сопственост на физичките и правни лица како етажни сопственици во рамки на градежната парцела чија површина е дефинирана со актите за урбанистичко планирање со кои се утврдува градежната парцела.

(4) Кога на градежното изградено земјиште на кое се изградени станови, деловни простории, визби, гаражи и други посебни делови од станбени и деловни згради што имаат два или повеќе станови, односно деловни простории и други посебни делови кои се во сопственост на различни физички или правни лица (објекти во етажна сопственост), а во рамките на градежната парцела или нејзин дел во катастарот на недвижности е запишано право на користење во идеален дел на еден или повеќе сопственици на објектите или посебните делови од објектите, градежното земјиште ќе се приватизира во заедничка сопственост на сопствениците на посебните делови на објектот, кои имаат поднесено барање за приватизација, или во заедничка сопственост со Република Македонија, доколку сите сопственици на посебните делови од објектот во етажна сопственост, немаат поднесено барање за приватизација.

(5) Во случаите од ставот (4) на овој член решението за приватизација претставува основ за бришење на запишаното право на користење на градежното изградено земјиште.

(6) Кога на градежното изградено земјиште дефинирано како градежна парцела постојат два или повеќе објекти на различни сопственици, а во катастарот на недвижности на дел од градежната парцела е запишано право на користење на еден или повеќе сопственици на објекти кои имаат поднесено барање за приватизација, градежното земјиште ќе се приватизира во сосопственост со Република Македонија согласно запишаното право на користење во рамки на градежната парцела.

(7) Кога на градежното изградено земјиште дефинирано како градежна парцела постојат два или повеќе објекти на различни сопственици, а во катастарот на недвижности на дел од градежната парцела е запишано право на

сопственост на еден или повеке сопственици на објектите односно земјиштето е во сосопственост со Република Македонија, делот од градежното земјиште сопственост со Република Македонија ќе се приватизира на еднакви сосопственички делови на сопствениците на објекти кои имаат поднесено барање за приватизација.

(8) Доколку на градежното изградено земјиште постојат два или повеќе објекти стекнати со правна основа од различни сопственици, а на градежното земјиште во катастарот на недвижности нема запишано право на користење на сопствениците на објектите, односно земјиштето е запишано сопственост на Република Македонија, градежното земјиште може да се приватизира во сосопственост на сопствениците на објектите, доколку се исполнети условите од овој закон.

(9) Делот од надоместокот што го плаќа секој од етажните сопственици од ставот 2 на овој член се определува сразмерно на бројот на посебните делови од зградата спрема вкупната површина на земјиштето предмет на приватизација, при што се воспоставуваат односи меѓу етажните сопственици кои произлегуваат од правната содржина на правото на заедничка сопственост на градежно изградено земјиште согласно со Законот за градежно земјиште и Законот за сопственост и други стварни права. Надоместокот за секој етажен сопственик се пресметува на начин што вкупната површина на земјиштето предмет на приватизација се дели со бројот на посебните делови од зградата и се множи со висината на надоместокот по метар квадратен утврден според соодветната намена согласно со Уредбата за висина на надоместокот за приватизација на градежното земјиште што се приватизира, начинот и постапката за наплата на надоместокот за приватизација на градежно земјиште. Бројот на посебни делови од зграда се утврдува од страна на органот на државната управа надлежен за имотноправните работи врз основа на податоци од Јавната книга за запишување на правата на недвижностите.

(10) Кога не е извршена целосна приватизација на градежното земјиште од сите етажни сопственици, во Јавната книга за запишување на правата на недвижностите покрај етажните сопственици кои го приватизирале земјиштето останува запишана Република Македонија како заеднички сопственик на земјиштето.

**Член 14**

(1) Градежното земјиште може да се приватизира во целост или дел.

(2) Градежното земјиште може да се приватизира во површина на стекнатото право на користење, а во рамките на градежната парцела чија површина е дефинирана со актот за урбанистичко планирање со кој се утврдува градежната парцела.

(3) Градежното земјиште на кое право на користење имаат правни лица може да се приватизира во рамките на градежната парцела чија површина е дефинирана со актот за урбанистичко планирање со кој се утврдува градежната парцела.

(4) Градежното земјиште на кое право на користење имаат поранешните сопственици на градежното земјиште како и физичките лица кои правото на користење го стекнале со надомест, а не е донесен акт за урбанистичко планирање со кој се утврдува градежна парцела, може да се приватизира во рамките на запишаното право на користење.

(5) Градежното земјиште на кое право на користење имаат поранешните сопственици на градежно земјиште и физичките лица кои за стекнатото право на користење на градежно земјиште платиле надоместок, а кое влегува во една или повеќе градежни неизградени парцели, може да се приватизира во рамките на стекнатото односно запишано право на користење.

(6) Градежното земјиште на кое право на користење имаат физичките лица кои не платиле надоместок за стекнатото право на користење, а кое влегува во други градежни изградени парцели не е предмет на приватизација.

(7) Градежното земјиште на кое право на користење имаат поранешните сопственици на градежно земјиште и физичките лица кои за стекнатото право на користење на градежно земјиште платиле надоместок, а кое влегува во една или повеќе градежни изградени парцели, може да се приватизира во рамките на стекнатото односно запишано право на користење, а по претходно прибавена согласност од страна на сопствениците на објектите на градежните изградени парцели.

(8) Градежното изградено земјиште за кое е поднесено барање за приватизација од физичко или правно лице, со запишано право на користење, а кое не е сопственик на објектот изграден на градежното земјиште, не е предмет на приватизација во површина на градежното земјиште под објект, доколку градежната парцела не е дефинирана со актите за урбанистичко планирање, односно во рамки на дефинирана градежната парцела на која е изграден објектот.

(9) Градежното земјиште на кое право на користење имаат физички или правни лица кои правото на користење на градежното земјиште го стекнале без надоместок може делумно да се приватизира во површината на земјиштето под објектот стекнат со правна основа согласно геодетски елаборат за утврдена фактичка состојба и формирање на катастарска парцела, ако не е донесен акт за урбанистичко планирање со кои се дефинира градежната парцела.

(10) Градежното изградено земјиште на кое постојат објекти стекнати со правна основа и објекти кои се предмет на постапка за утврдување на правен статус на бесправен објект на различни сопственици односно имателии на објекти, на кое земјиште во катастарот на недвижности не е запишано право на користење на сопственикот на објектот стекнат со правна основа, ќе се приватизира делумно во површината на земјиштето под објектот стекнат со правна основа, која површина ќе се утврди со геодетски елаборат за утврдена фактичка состојба и формирање на посебна катастарска парцела.

(11) Доколку на градежното изградено земјиште дефинирано како градежна парцела со класа на намена А-домување (А0 домување во станбени куќи со посебен режим на користење и А1-домување во станбени куќи) согласно актите за урбанистичко планирање, покрај градежното земјиште на кое има запишано право на користење или право на сопственост, учествува и земјиште сопственост на Република Македонија, предмет на приватизација може да биде и земјиштето сопственост на Република Македонија, во површина која во градежната парцела влегува до 500 м2, независно од површината на градежната парцела дефинирана со актите за урбанистичко планирање.

(12) Градежното изградено земјиште дефинирано како градежна парцела на кое право на користење имаат физичките и правни лица кои правото на користење на градежното изградено земјиште во државна сопственост го стекнале по основ на сопственост на објект стекнат со правна основа согласно со

Законот за основните сопственосноправни односи („Службен лист на СФРЈ" број 6/1980 и 36/1990), Законот за градежно земјиште („Службен весник на СРМ" број 10/1979, 18/1989, 21/1991 и „Службен весник на Република Македонија" број 71/1996 и 18/1999), Законот за промет со земјишта и згради („Службен весник на СРМ" 36/1975, 41/1975, 10/1979, 51/1988, 38/1991 и 4/1993) и Законот за сопственост на делови од згради („Службен весник на Република Македонија" број 20/1974 и 14/1975), а не се запишани како корисници на земјиштето во катастарот на недвижности, можат да го приватизираат градежното земјиште во површина до 500 м2, доколку градежното земјиште дефинирано со актите за урбанистичко планирање е со класа на намена А-домување (А0 домување во станбени куќи со посебен режим на користење и А1-домување во станбени куќи) согласно актите за урбанистичко планирање.

**Член 15**

Градежното земјиште на кое постои спорно право на користење или постои неидентичност на градежното земјиште, може да се приватизира согласно со овој закон после решавањето на претходното прашање за спорното право на користење, односно за неидентичноста на градежното земјиште.

2. УСЛОВИ ЗА ПРИВАТИЗАЦИЈА

**а. Услови за приватизација на градежно земјиште на физички лица кои немаат обврска за плаќање надомест**

**Член 16**

Градежното земјиште на кое постои право на користење на физички лица - поранешни сопственици на градежното земјиште, се приватизира од државна сопственост во сопственост на поранешните сопственици, при што за приватизацијата на градежното земјиште поранешните сопственици немаат обврска да платат надомест за приватизација.

**Член 17**

(1) Градежното земјиште, на кое постои право на користење на физички лица стекнато со надомест, се приватизира од државна сопственост во сопственост на корисниците на градежното земјиште при што за приватизацијата на градежното земјиште не се плаќа надомест, ако е стекнато со надомест со:

1) јавно наддавање;

2) непосредна спогодба со надомест;

3) доделување на земјиштето од надлежен орган со надомест;

4) доделување на земјиштето во замена за експроприрана недвижност;

5) доделување на земјиштето за замена на одземено од владение градежно земјиште од поранешен сопственик;

6) предимствено право на користење на градежното земјиште за површината на градежното земјиште која е поранешна сопственост на корисникот на предимственото право

7) физички лица, сегашни корисници на градежно изградено земјиште во државна сопственост кои правото на користење на градежното земјиште го стекнале врз основа на стекнато право на сопственост на објект со правна основа од поранешен сопственик на земјиштето како и стекнато право на сопственост на објект со правна основа од поранешен сопственик на земјиштето, како и стекнато право на сопственост на објект од претходен корисник на градежното земјиште кој платил надоместок за стекнување на правото на користење;

8) други случаи кога ќе се утврди дека правото на користење е стекнато со надомест (дооформување на градежна парцела со надомест, предимствено право на градба со дооформување на градежна парцела со надомест и друго).

(2) Физичките лица наследници на лицата од ставот (1) на овој член според прописите за наследување, не плаќаат надомест за приватизација на градежното земјиште.

### б. Услови за приватизација на градежно земјиште на физички лица со надомест

### Член 18

(1) Градежното земјиште, на кое постои право на користење на физички лица стекнато без надомест, може да се приватизира од државна сопственост во сопственост на корисниците на градежното земјиште со плаќање надомест.

(2) Се смета дека правото на користење на земјиштето од ставот(1) на овој член е стекнато без надомест, ако е стекнато со:

1) доделување на градежно земјиште на користење без надомест кога во актот за доделување на градежното земјиште не е определен надомест, односно обврска за плаќање надомест;

2) стекнување на право на сопственост на објект со правна основа од претходен корисник на градежното земјиште кој не платил надоместок за стекнување на правото на користење на градежно земјиште;

3) предимствено право на користење на градежното земјиште за површина на градежното земјиште која не е поранешна сопственост на корисникот на предимственото право, а е стекната без надомест како дооформување на градежна парцела.

### в. Услови за приватизација на градежно земјиште на правни лица кои немаат обврска за плаќање надомест

### Член 19

Градежното земјиште, на кое правни лица во приватна сопственост стекнале право на користење, може да се приватизира од државна сопственост во сопственост на корисниците на градежното земјиште при што не се плаќа надомест, ако тоа е стекнато со надомест со:

1) јавно наддавање;

2) непосредна спогодба со надомест;

3) доделување на земјиштето од надлежен орган со надомест;

4) доделување на земјиштето во замена за експроприрано земјиште на правното лице во приватна сопственост;

5) стекнување на право на сопственост на објект од поранешен сопственик на земјиштето, како и стекнување право на сопственост на објект од претходен корисник на градежното земјиште кој платил надоместок за стекнување на правото на користење;

6) доделување на земјиштето за замена за одземено од владение градежно земјиште на правното лице во приватна сопственост и

7) основачки влог на физичко лице во правно лице во приватна сопственост во кој градежното земјиште претставува поранешна сопственост, односно право на користење стекнато со надомест.

### г. Услови за приватизација на градежно земјиште на правни лица со надомест

**Член 20**

Градежното земјиште, на кое правни лица стекнале право на користење без надомест, може да се приватизира од државна сопственост во сопственост на корисниците на градежното земјиште со надомест, ако градежното земјиште се користи по основа на:

1) стекнато право на сопственост на објект со правна основа кој бил поранешна општествена, односно државна сопственост;

2) стекнато право на сопственост на објект со правна основа при што со пренесување на правото на сопственост на објектот е пренесено правото на користење на градежното земјиште во општествена, односно државна сопственост и

3) приватизација на правни лица во општествена, односно државна сопственост.

### Услови за приватизација на градежно земјиште кое не е опфатено со актите за урбанистичко планирање

**Член 20-а**

(1) Не е предмет на приватизација земјиштето на кое според податоците од катастарот на недвижности било запишано право на користење на градежно земјиште на физички и правни лица по основ на поранешна сопственост или со платен надомест до 15.06.2016 година, кое во моментот на одлучување по барањето за приватизација не е опфатено со актите за урбанистичко планирање, или е вон плански опфат.

(2) По поднесените барања за приватизација во случаите од став (1) на овој член органот на државната управа надлежен за имотно правните работи ќе донесе заклучок со кој барањето се отфрла.

(3) Заклучокот од ставот (2) на овој член претставува основ Агенцијата за катастар на недвижности да изврши промена на правото на користење во право на сопственост и да изврши бришење на прибелешката за поднесено барање за приватизација.

**Членот 21 е избришан,** види: Закон за изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост ("Службен весник на РМ" бр.146/09).

## 3. НАДОМЕСТ ЗА ПРИВАТИЗАЦИЈА НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

**Член 22**

За градежното земјиште кое се приватизира со надомест се плаќа надомест под услови и на начин определени со овој закон.

**Член 23**

Кога градежното земјиште е приватизирано со надомест, а надоместот не е платен заради смрт на сопственикот на градежното земјиште, обврската за плаќање на надоместот преминува на наследниците на градежното земјиште, според прописите за наследување.

**Член 24**

(1) Висината на надоместот за градежното земјиште што е предмет на приватизација, како и начинот и постапката за наплата на надоместот за приватизација, на предлог на министерот за финансии ги пропишува Владата на Република Македонија со посебен пропис.

(2) Висината на надоместот за градежното земјиште што е предмет на приватизација се утврдува во зависност од зоните утврдени во членот 83 од овој закон.

**Член 25**

Надоместот за приватизација на градежното земјиште се плаќа со денари.

4. ПОСТАПКА ЗА ПРИВАТИЗАЦИЈА
НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

**Член 26**

Постапката за приватизација на градежното земјиште се покренува по барање на корисникот на градежното земјиште (во натамошниот текст: барање за приватизација).

**Член 27**

Барањето за приватизација од членот 26 на овој закон може да се поднесе до 31 декември 2012 година.

**Член 28**

(1) Барањето за приватизација се поднесува до органот на државната управа надлежен за имотно-правните работи на подрачјето каде што се наоѓа градежното земјиште што е предмет на приватизација.

(2) Барањето од ставот (1) на овој член треба да ги содржи:

а) основата на правото што се бара: (приватизација без обврска за плаќање надомест, односно приватизација со обврска за плаќање надомест) и

б) начин на плаќање на надоместот.

(3) Кон барањето од ставот (1) на овој член се приложуваат :

- доказ за идентификација на барателот, односно лицата кои се негови наследници според прописите за наследување (фотокопија од лична карта или патна исправа за физички лица), односно извод од соодветниот регистар за правни лица,

- правната основа, односно актот врз основа на кој е стекнато правото на користење на градежното земјиште на кое се однесува барањето за приватизација (закон, тапија, пресуда, договор, решение, одлука на надлежен државен орган и друго), само во случаите кога се бара приватизација без обврска за плаќање на надоместок,

- податоци за градежното земјиште од соодветната јавна книга и тоа: имотен лист од катастарот на недвижностите или поседовен лист од катастарот на земјиштето.

(4) По исклучок од ставот (3) на овој член, кога барањето за приватизација се поднесува од лицата од членот 2 точка 7, а се однесува на приватизација на градежно земјиште во државна сопственост од членот 14 ставови (3) и (4) на овој закон, кон барањето не се приложува извод од урбанистички план.

(5) Прилозите од ставот (3) на овој член, ги приложува корисникот на градежното земјиште (барател) во постапката за приватизација.

(6) Барањето за приватизација и прилозите се доставуваат во два примерока од кои едното барање со прилозите во оригинал, а второто барање со прилозите во фотокопие.

**Член 28-а**

(1) Органот надлежен за имотно-правните работи по службена должност по електронски пат прибавува копија од катастарски план, уверение за историски преглед на извршените запишувања во катастарот на недвижностите за земјиштето предмет на приватизација од Агенцијата за катастар на недвижности кога во постапката за приватизација на градежно земјиште, не може да се утврди својството на поранешна сопственост на земјиштето и извод од урбанистички план од општината каде што се наоѓа земјиштето предмет на приватизација.

(2) Органот на државната управа надлежен за имотно-правните работи по службена должност по електронски пат задолжително прибавува уверение за историски преглед на извршените запишувања во катастарот на недвижностите на земјиштето предмет на приватизација од Агенцијата за катастар на недвижности, со цел во постапката за приватизација на градежно земјиште, да се утврди дали во катастарот на недвижности до 15.06.2016 година, е запишано корисничко право на земјиштето.

(3) По барање на органот на државната управа надлежен за имотно-правните работи, во постапката за приватизација барателот приложува геодетски елаборат за нумерички податоци за формирање на градежна парцела.

**Член 28-б**

(1) Органот на државната управа надлежен за имотно-правните работи во постапката за приватизација на градежното земјиште задолжително врши увид на лице место за утврдување на фактичката состојба, која се констатира во записник, кој треба да биде изготвен најдоцна 30 дена пред денот на донесувањето на решението.

**Член 28-в**

(1) По поведување на постапката за приватизација барателот до донесување на решението за приватизација во прв степен, може да го прошири барањето и во однос на градежното земјиште од катастарски працели кои не биле опфатени во барањето, а се во иста градежна парцела.

(2) По поведување на постапката за приватизација, со согласност на барателот до донесување на решението за приватизација во прв степен, кон барањето за приватизација може да се приклучат други физички или правни лица - сокорисници на градежното земјиште за кое е поднесено барањето, односно се сопственици на објекти изградени со правен основ на градежното земјиште предмет на приватизација.

**Член 28-г**

(1) Започнатата постапка за приватизација може да продолжи спрема лице кое во текот на постапката се стекнало со право на сопственост на објект на градежното земјиште кое е предмет на приватизација.

(2) Во случаите од став (1) на овој член сопственикот на објектот е должен во рок од 60 дена од денот на стекнување на сопственоста на објектот да достави барање за продолжување на постапката и Имотен лист за објектот кој се наоѓа на градежното земјиште.

## Член 29

(1) Органот на државната управа надлежен за имотно правните работи, во рок од 60 дена од денот на поднесување на барањето за приватизација донесува решение, со кое одлучува по барањето за приватизација на градежното земјиште (во натамошниот текст: решение за приватизација).

(2) Решението за приватизација содржи:

- податоци за лицето кое се стекнува со правото на сопственост на градежното земјиште (име и презиме, живеалиште и единствен матичен број за физичко лице и назив, седиште и единствен даночен број за правно лице),
- податоци за градежното земјиште предмет на приватизација од соодветната јавна книга,
- клаузула за обврска за плаќање на надомест, ако приватизацијата се врши со надомест како услов за приватизација,
- висина и рок за плаќање на надоместокот, кој не може да биде подолг од 30 дена од правосилноста на решението,
- клаузула за запишување како реален товар на обврската за плаќање на надоместокот за приватизација на градежното земјиште во Јавната книга за запишување на недвижности кога надоместокот за приватизација се плаќа на рати,
- начин на плаќање,
- обврска за барателот кога надоместокот се плаќа на рати да доставува доказ за платен надоместок (во оргинал или заверена копија), најдоцна до 31 декември за тековната година.
- сметка на која треба да се плати надоместот,
- клаузула дека правосилното решение за приватизација е основа за стекнување на правото на сопственост и запишување, на тоа право во соодветната јавна книга и
- клаузула за поништување на решението за приватизација на градежно земјиште, ако не се исполни условот за плаќање на надоместот утврден со решението за приватизација.

(3) Кога надоместокот за приватизација на градежното земјиште се плаќа во готово, клаузулата за правосилност се става по доставување на доказ за платен надоместок.

(4) Обврската за плаќање на надоместокот за приватизација на градежното земјиште на рати, се прибележува во соодветната јавна книга за недвижности.

## Член 30

(1) Решението за приватизација се доставува до лицето кое поднело барање за приватизација и до Државниот правобранител на Република Македонија.

(2) До Државниот правобранител на Република Македонија заедно со решението се доставува и примерок од барањето за приватизација со прилозите кон него.

**Член 31**

(1) Против решението за приватизација може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

(2) Кога по повод заведен управен спор против решение донесено во постапка за приватизација, Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен ќе побара од првостепениот орган да му се достават списите по предметот на кој се однесува управниот спор, органот надлежен за имотно правните работи по приемот на барањето за списи е должен веднаш а најдоцна во рок од пет дена да ги достави списите.

**Член 32**

(1) Кога со решението за приватизација на градежното земјиште е утврдена обврска за плаќање надомест, а надоместот не се плаќа на начин определен во решението за приватизација, органот на државната управа надлежен за имотно-правните работи со решение ќе го поништи решението за приватизација.

(2) Решението за поништување на приватизацијата се доставува до лицето на кое му е приватизирано земјиштето и Државното правобранителство на Република Македонија.

(3) Против решението за поништување на приватизацијата може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(4) Правосилното решение за поништување на приватизацијата по службена должност се доставува до Агенцијата за катастар на недвижности и Државното правобранителство на Република Македонија.

(5) Кога со решението за приватизација на градежно земјиште се одбива барањето за приватизација како неосновано, истото содржи клаузула дека по неговата правосилност Агенцијата за катастар на недвижности ќе го избрише запишаното право на користење и прибелешката за поднесено барање за приватизација.

**Член 33**

(1) Органот на државната управа надлежен за имотно-правните работи води евиденција за поднесените барања за приватизација, за донесените и поништените решенија за приватизација, за донесените решенија за времено ослободување од плаќање надомест за приватизација, како и за поднесените тужби за наплата на надомест.

(2) Министерот за финансии ги пропишува формата, содржината и начинот на водење на евиденцијата од ставот (1) на овој член.

5. ПОСТАПКА ЗА ПРОМЕНА НА ПРАВОТО НА КОРИСТЕЊЕ НА ГРАДЕЖНО НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ ВО ПРАВО НА СОПСТВЕНОСТ ПО СИЛА НА ЗАКОН

**Член 33-а**

(1) Физичките лица поранешни сопственици кои во катастарот на недвижности се запишани како корисници на градежно неизградено земјиште, а кои до 15 декември 2014 година, не поднеле барање за приватизација на градежно

неизградено земјиште во државна сопственост, до Агенцијата за катастар на недвижности можат да поднесат пријава за промена на правото на користење на градежното неизградено земјиште во право на сопственост по сила на закон.

(2) Кон пријавата физичките лица од ставот (1) на овој член приложуваат:

- доказ за идентификација за подносителот на пријавата (фотокопија од лична карта или патна исправа);

- правната основа, односно актот врз основа на кој е стекнато правото на користење на катастарската парцела која е градежно неизградено земјиште, а за кое се однесува пријавата (закон, пресуда, договор, решение, одлука на надлежен државен орган, поседовен лист и др.);

- доказ од органот надлежен за утврдување правен статус на бесправно изградени објекти, дека не е поднесено барање за утврдување правен статус на објект на катастарската парцела која е градежно неизградено земјиште, а за кое се однесува пријавата и

- доказ за платен надоместок за имотен лист за катастарската парцела, за уверение за историски преглед на извршените запишувања во катастарот на недвижности и за запишувањето во катастарот на недвижностите.

(3) За промената од ставот (1) на овој член не се плаќа надоместок.

(4) Формата и содржината на пријавата од ставот (1) на овој член ја пропишува Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности.

**Член 33-б**

(1) Овластеното службено лице во Агенцијата за катастар на недвижности кое ја води постапката за промена на правото на користење на градежно неизградено земјиште во право на сопственост по сила на закон е должно во рок од три дена од приемот на пријавата од членот 33-а став (1) од овој закон, да обезбеди доказ по службена должност од органот на државната управа надлежен за имотно-правните работи дали за градежното неизградено земјиште за кое е поднесена пријавата за промена на правото на користење во право на сопственост по сила на закон, е поднесено барање за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост.

(2) Овластеното службено лице во органот на државната управа надлежен за имотно-правните работи е должно во рок од три дена од приемот на барањето од ставот (1) на овој член, да го достави доказот до Агенцијата за катастар на недвижности.

**Член 33-в**

(1) Агенцијата за катастар на недвижности по пријавата од членот 18-а од овој закон, постапува согласно со одредбите код Законот за катастар на недвижности и за извршената промена согласно со закон донесува потврда.

(2) Промената на правото на користење на градежното неизградено земјиште во право на сопственост, се врши според податоците за катастарската парцела запишани во имотен лист.

III ЗАКУП НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

1. ПРАВО НА ЗАКУП НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

**а. Заеднички одредби**

**Член 34**

(1) На сопствениците на објекти изградени на градежно изградено земјиште сопственост на Република Македонија за кое не е поведена постапка за стекнување на право на сопственост согласно со Законот за приватизација и закуп

на градежно земјиште во државна сопственост ("Службен весник на Република Македонија" број 4/2005, 13/2007, 165/2008, 146/2009, 18/11, 15/11, 27/14, 144/14 и 72/15) и Законот за постапување со бесправно изградени објекти ("Службен весник на Република Македонија" број 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15 и 129/15), им се воспоставува закуп согласно со одредбите на овој закон.

(2) Со воспоставување на закупот на градежното изградено земјиште престанува правото на користење на градежното земјиште.

(3) За воспоставениот закуп се плаќа закупнина.

**Член 35**

(1) Закупот се воспоставува со решение на органот на државната управа надлежен за имотноправните работи по службена должност или по барање на сопственикот на објектот кој нема стекнато право на сопственост на градежното земјиште на кое е изграден објектот.

(2) Решението на воспоставување на закуп има својство на извршна исправа.

(3) Закупот на градежно земјиште се воспоставува за период од десет години со можност по истекот на овој период закупот да продолжи за десет години.

**Член 36**

Висината на закупнината за градежното земјиште кое е предмет на закуп, како и начинот за наплата на закупнината, на предлог на министерот за финансии ги утврдува Владата на Република Македонија со посебен пропис.

**Член 37**

(1) Закупнината за воспоставениот закуп се плаќа во денари.

(2) Средствата од закупнината на градежното земјиште се уплатуваат на посебна сметка во рамките на трезорската сметка. Приходите од оваа сметка се распределуваат во соодност 20% за Република Македонија и 80% за општините и општините во градот Скопје, во зависност од местоположбата на градежното земјиште на кое се воспоставува закуп.

(3) Средствата од ставот (2) на овој член кои се распределуваат меѓу општините од подрачјето на градот Скопје и градот Скопје, се распределуваат во соодност 50% за општината од подрачјето на градот Скопје и 50% за градот Скопје.

**Член 38**

(1) Градежното земјиште на кое е воспоставен закуп може да се приватизира во секое време, на барање на носителот на закупот согласно со овој закон.

(2) Висината на надоместокот за градежното земјиште што е предмет на приватизација по воспоставен закуп, како и начинот на наплата на надоместокот за приватизација, на предлог на министерот за финансии ги утврдува Владата на Република Македонија со посебен пропис.

**Член 39**

(1) Кога закупот на градежното земјиште се воспоставува по службена должност закупот се воспоставува во рамки на површина на градежното земјиште под објектот.

(2) Кога постапката за воспоставување на закуп се покренува по барање на сопственикот на објектот, а објектот е во рамки на дефинирана градежна парцела согласно со актите за урбанистичко планирање со кои се утврдува градежната парцела, закупот на градежното земјиште се воспоставува во рамки на површината на градежната парцела.

**Членовите 40, 41, 42, 43 и 44 се избришани,** види: Закон за изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост ("Службен весник на РМ" бр.27/14).

2. ПОСТАПКА ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ЗАКУП

**Член 45**

Постапката за воспоставување на закуп на градежното изградено земјиште се поведува по службена должност од страна на органот на државната управа надлежен за имотно правните работи.

**Член 46**

(1) Кога постапката за воспоставување на закуп се поведува по барање на сопственикот на објектот изграден на градежното земјиште, барањето за воспоставување на закуп на градежното земјиште се поднесува до органот на државната управа надлежен за имотно правните работи на подрачјето каде што се наоѓа градежното земјиште што е предмет на стекнување на правото на закуп.

(2) Кон барањето од ставот (1) на овој член се приложува:

- доказ за идентификација на барателот (фотокопија од лична карта или патна исправа за физички лица), односно извод од соодветниот регистар за правни лица;

- имотен лист за земјиштето кое е предмет на барањето за воспоставување на закуп;

- имотен лист за објектот што се наоѓа на градежното земјиште што е предмет на стекнување на правото на закуп;

- извод од урбанистички план за земјиштето кое е предмет на закуп, доколку барањето се однесува на воспоставување на закуп во рамки на дефинирана градежна парцела и

- геодетски елаборат за нумерички податоци за градежната парцела на која се однесува барањето за воспоставување на закуп.

(3) Барањето и прилозите од ставовите (1) и (2) на овој член се доставуваат во два примерока од кои едниот е оригинал, а второто барање со прилозите во фотокопија.

(4) Министерот за финансии ги пропишува формата и содржината на барањето од ставот (1) на овој член.

**Член 47**

(1) Кога постапката за воспоставување на закуп се поведува по службена должност, на барање на органот на државната управа надлежен за имотноправните работи, Агенцијата за катастар на недвижности доставува податоци за земјиштето и сопствениците на објектите на земјиште кое што е сопственост на Република Македонија, заради покренување по службена должност на постапката од членот 45 став (1) од овој закон.

(2) Закупот од ставот 1 на овој член се воспоставува по претходно известување на органот надлежен за располагање со градежното земјиште сопственост на Република Македонија, дека за градежното земјиште кое е предмет на закуп нема поднесено барање за отуѓување, односно барање за стекнување право на сопственост на земјиштето од сопственикот на објектот на градежното земјиште кое е предмет на закуп.

(3) По добивањето на бараните податоци од ставот (1) и ставот (2) на овој член, органот на државната управа надлежен за имотноправните работи по претходно извршена проверка на податоците во евиденцијата од членот 33 став (1) од овој закон, донесува решение за воспоставување на закуп во рок од 60 дена.

**Член 48**

Решението за воспоставување на закуп содржи:

- податоци за лицето на кое му се воспоставува право на закуп на градежното земјиште (име и презиме, живеалиште и единствен матичен број за физичко лице и назив, седиште и единствен даночен број за правно лице),
- податоци за градежното земјиште предмет на закуп од Јавната книга за запишување на правата на недвижностите,
- времетраење на закупот,
- обврска за плаќање закупнина за воспоставеното право на закуп,
- висина, начин и рокови за плаќање на закупнината,
- сметка на која се плаќа закупнината,
- обврска за измена на решението во случај на промена на носителот на правото на закуп,
- клаузула дека правосилното решение за закуп е основ за бришење на запишаното право на користење на градежното земјиште,
- клаузула за прибележување на закупот во Јавната книга за запишување на правата на недвижностите и
- клаузула за измена на висината на закупнината.

**Член 49**

(1) Решението за воспоставување на закуп се доставува до носителот на правото на закуп на градежно земјиште и до Државното правобранителство на Република Македонија.

(2) До Државното правобранителство на Република Македонија заедно со решението за воспоставен закуп се доставува и примерок од документацијата врз основа на која е донесено решението за воспоставување на правото на закуп.

**Член 50**

(1) Против решението за воспоставување на закуп може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

(2) Правосилното решение за воспоставување на закуп по службена должност се доставува до Агенцијата за катастар на недвижности и до Државното правобранителство на Република Македонија.

**Член 51**

Кога плаќањето на закупнината не се врши во согласност со решението со кое е воспоставен закуп, наплатата ќе се врши согласно со Законот за извршување.

**Член 52**

(1) Органот на државната управа надлежен за имотноправните работи води евиденција за поднесените барања, за донесените и поништените решенија за воспоставување на закуп, за решенијата за времено ослободување од плаќање закупнина, за решенијата за престанок на правото на времено ослободување од плаќање на закупнина, како и за поднесените предлози за наплата на закупнината.

(2) Министерот за финансии ги пропишува формата, содржината и начинот на водење на евиденцијата од ставот (1) на овој член.

**Членовите 53, 54, и 55 се избришани,** види: Закон за изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост ("Службен весник на РМ" бр.27/14).

**Делот IV Времен закуп на градежното земјиште и членовите 56, 57, 58, 59, 60, 61, 62, 63 и 64 се избришани,** види: Закон за изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост ("Службен весник на РМ" бр.27/14).

## V ВРЕМЕНО ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ОБВРСКА ЗА ПЛАЌАЊЕ НАДОМЕСТ И ЗАКУПНИНА ЗА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

### 1. ПРАВО НА ВРЕМЕНО ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НАДОМЕСТ И ЗАКУПНИНА

**Член 65**

(1) Од плаќање надомест, односно закупнина за градежното земјиште можат времено да бидат ослободени физичките лица, носители на правото на приватизација ако надоместот, односно закупнината не можат да ги плаќаат.

(2) Право да бидат времено ослободени од плаќање на надоместот, односно закупнината од ставот (1) на овој член имаат лицата кои со акт на органот на државната управа надлежен за труд и социјална политика, имаат статус на корисници на социјална помош или со таков статус се стекнале за времетраењето на обврската за плаќање на надоместот, односно закупнината и тоа само додека им трае статусот на корисници на социјалната помош.

(3) Со правата од ставот (2) на овој член се изедначени и лицата - корисници на социјална заштита:

- корисници на постојана парична помош и
- деца без родители и родителска грижа до 18 годишна возраст како и по престанувањето на старателството, а најмногу до 26 годишна возраст, ако се на редовно школување, сѐ додека користат право на социјална заштита.

**Член 66**

Ослободувањето како и престанокот на правото за времено ослободување од плаќање надомест, односно закупнина се утврдува во постапка согласно со овој или друг закон.

## 2. ПОСТАПКА ЗА ВРЕМЕНО ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НАДОМЕСТ И ЗАКУПНИНА

**Член 67**

(1) Постапката за времено ослободување од плаќање надомест за приватизација и закупнина се покренува по барање на физичко лице носител на утврдените права на градежното земјиште.

(2) Кон барањето од ставот (1) на овој член, барателот поднесува решение од органот на државната управа надлежен за труд и социјална политика за утврден статус на корисник на социјална помош, односно корисник на социјална заштита.

(3) По барањето од ставот (1) на овој член, органот кој го донел решението за утврденото право на градежното земјиште, носи решение за времено ослободување од плаќање надомест за приватизација и закупнина.

(4) Решението од ставот (3) на овој член содржи:

- податоци за лицето кое времено се ослободува од обврската за плаќање надомест, односно закупнина,
- обврската од која се ослободува (надомест за приватизација и закупнина),
- времетраење на ослободувањето од обврската за плаќање надомест, односно закупнина,
- причини за ослободување од обврската за плаќање надомест, односно закупнина (решение на органот на државната управа надлежен за труд и социјална политика) и
- основата за стекнување на обврската за плаќање надомест, односно закупнина (решение).

(5) Со решение на органот од ставот (3) на овој член ќе престане временото ослободување за плаќање надомест, односно закупнина, ако на носителот на утврденото право на градежното земјиште му престане статусот на корисник на социјална помош, односно статус на корисник на социјална заштита.

(6) Решението од ставот (5) на овој член содржи особено податоци за:

- престанување на временото ослободување од плаќање надомест за приватизација и закупнина,
- воспоставување на обврска за плаќање надомест за приватизација и закупнина и
- рок од кога почнува да тече обврската за плаќање надомест за приватизација и закупнина.

**Член 68**

(1) Правосилното решение за времено ослободување од плаќање надоместок за приватизација и закуп се доставува до органот на државната управа надлежен за труд и социјална политика.

(2) Органот на државната управа надлежен за труд и социјална политика води службена евиденција за лицата корисници на социјална помош, односно социјална заштита кои со решение на органот од членот 67 став (3) на овој закон, времено се ослободени од плаќање надомест, односно закупнина.

(3) Органот на државната управа надлежен за труд и социјална политика по службена должност го известува органот кој го донел решението за времено ослободување од плаќање надомест, односно закупнина за престанокот на статусот корисник на социјална помош, односно социјална заштита за лицето кое времено е ослободено од плаќање надомест, односно закупнина.

**Член 69**

(1) Решението за времено ослободување од плаќање надомест, односно закупнина се доставува до барателот од членот 67 став (1) на овој закон и до Државното правобранителство на Република Македонија.

(2) До Државното правобранителство на Република Македонија заедно со решението се доставува и примерок од документацијата врз основа на која е донесено решението за времено ослободување од плаќање надомест, односно закупнина.

**Член 70**

(1) Против решението за времено ослободување од плаќање надомест, односно закупнина може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

(2) Правосилното решение за времено ослободување од плаќање надомест, односно закупнина се доставува до Агенцијата за катастар на недвижности.

3. ПОСТАПКА ЗА ПРЕСТАНОК НА ВОСПОСТАВЕНИОТ ЗАКУП НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

**Член 70-а**

Со решение на органот на државната управа надлежен за имотноправните работи ќе престане закупот на градежно земјиште во државна сопственост во случаи на:

- приватизација на градежното земјиште или
- реализација на јавен интерес утврден со закон или
- отуѓување на градежното земјиште согласно со Законот за градежно земјиште.

(2) Во случаите од став (1) алинеја 3 од овој член, органот на управата надлежен за имотно правните работи решението за престанок на закупот ќе го донесе врз основа на правосилен акт или правно дело на органот на државната управа надлежен за вршење на работите кои се однесуваат на управувањето со градежното земјиште сопственост на Република Македонија.

**Член 70-б**

(1) Кога се врши реализација на јавен интерес од значење за Република Македонија постапката за престанок на закупот се покренува по предлог на Државното правобранителство на Република Македонија.

(2) Кога се врши реализација на јавен интерес од локално значење предлогот го поднесува градоначалникот на единицата на локалната самоуправа.

**Член 70-в**

Против решението од членот 70-а од овој закон може да се изјави жалба во рок од 15 дена до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

## VI ОДЗЕМАЊЕ И ПРЕСТАНОК НА ПРАВОТО НА КОРИСТЕЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

### 1. ОДЗЕМАЊЕ НА ПРАВОТО НА КОРИСТЕЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

**Членот 71 е избришан,** види: Закон за изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост ("Службен весник на РМ" бр.144/14).

**Член 72**

(1) Не е предмет на приватизација согласно со овој закон земјоделското земјиште кое го користат правните лица врз основа на извршена трансформација на претпријатијата и задругите со општествен капитал, како и правните лица кои не извршиле трансформација согласно со Законот за трансформација на претпријатијата и задругите со општествен капитал кои стопанисуваат со земјоделско земјиште, ако земјоделското земјиште со урбанистичките планови и актите што ги заменуваат тие планови станало градежно неизградено земјиште.

(2) Кога земјоделското земјиште од ставот (1) на овој член со урбанистичките планови и актите што ги заменуваат тие планови станало градежно земјиште на кое е предвидена градба на објекти, правото на користење ќе се одземе со решение на органот на државната управа надлежен за имотно- правните работи.

(3) Решението од ставот (2) на овој член се доставува до органот на државната управа надлежен за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Член 73**

(1) Не е предмет на приватизација градежното неизградено земјиште на кое право на користење имаат правни лица кои правото на користење го стекнале врз основа на стекнато право на сопственост на објект со правна основа кој бил поранешна општествена, односно државна сопственост, по основа на стекнато право на сопственост на објект со правна основа при што со пренесување на правото на сопственост на објектот е пренесено правото на користење на градежното земјиште во општествена, односно државна сопственост и врз основа на извршена приватизација на правни лица во општествена, односно државна сопственост на кое со актите за урбанистичко планирање е предвидена нова градба дефинирана како посебна градежна парцела.

(2) Правото на користење на градежното земјиште од ставот (1) на овој член ќе се одземе со решение на органот на државната управа надлежен за имотно-правните работи.

**Член 74**

(1) Кога на градежното неизградено земјиште е стекнато право на користење заради изградба на објект предвиден со урбанистичките планови и актите што ги заменуваат тие планови, а изградбата не е започната во роковите определени со закон, односно со актот со кој е стекнато правото на користење на градежното неизградено земјиште заради градба, со решение на органот на државната управа надлежен за имотно-правните работи ќе се одземе правото на користење на градежното неизградено земјиште.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член нема да се одземе правото на користење од физички лица ако предвидената градба не е започната од причини на: смрт или тешка болест на корисникот, односно член на потесното семејно

домаќинство, утврдување на статус на корисник на социјална помош, односно социјална заштита, влошена безбедносна состојба во времетраење на состојбата, решавање на претходно прашање по покрената судска, односно управна постапка или постои друга оправдана причина која го оневозможила започнување со градбата (неизградена инфраструктура - пат, водовод, канализација, електрична енергија и слично) со која се оневозможува започнувањето на градбата до решавањето на претходното прашање.

(3) По исклучок на ставот (1) од овој член нема да се одземе правото на користење од правни лица ако предвидената градба не е започната од причини на влошена безбедносна состојба во времетраење на состојбата и решавање на претходно прашање по покрената судска, односно управна постапка со која се оневозможува започнувањето на градбата до решавање на претходно прашање.

**Член 75**

Одземањето на правото на користење на градежното земјиште согласно со членовите 71, 72 став (2), 73 став (2) и 74 став (1) на овој закон е од јавен интерес.

**Член 76**

Одземањето на правото на користење од членовите 71, 72 став (2), 73 став (2) и 74 став (1) на овој закон се врши по предлог на Државното правобранителство на Република Македонија, на начин и во постапка предвидена со Законот за експропријација.

**Член 76-а**

Против решението за одземање на правото на користење на градежното земјиште од членовите 71, 72, 73 и 74 од овој закон може да се изјави жалба во рок од 15 дена до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**Членовите 77 и 78 се избришани,** види: Закон за изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост ("Службен весник на РМ" бр.27/14).

2. ПРЕСТАНОК НА ПРАВОТО НА КОРИСТЕЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

**Член 79**

(1) Правото на користење на градежното земјиште во државна сопственост во целост или во дел може да престане по барање на корисникот на градежното земјиште.

(2) По барање на лице кое има правен интерес, правото на користење на градежното земјиште во државна сопственост во целост или во дел може да престане со согласност на корисникот на градежното земјиште.

(3) Престанокот на правото на користење на градежното земјиште од ставовите (1) и (2) на овој член се утврдува со решение на органот на државната управа надлежен за имотноправните работи.

(4) Правото на користење на градежното земјиште од членот 14 став (6) од овој закон престанува со решението на органот на управата надлежен за имотноправните работи со кои се врши приватизација на градежното земјиште на кое барателот има изградено објект со правна основа.

(5) Против решението од ставот (3) на овој член може да се изјави жалба во рок од 15 дена до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**Член 80**

(1) Со решение на органот на државната управа надлежен за имотно-правните работи, а по барање на Државното правобранителство на Република Македонија ќе се утврди престанок на правото на користење на градежното земјиште во државна сопственост на правни лица кои престанале да постојат.

(2) Против решението од ставот (1) на овој член може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

3. ПОСЕБНИ СЛУЧАИ НА ПРЕСТАНОК НА ПРАВОТО НА КОРИСТЕЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

**Член 80-а**

(1) Градежното земјиште на кое право на користење имаат правни лица во стечај не е предмет на приватизација.

(2) Со решение на органот на државната управа надлежен за имотноправните работи, а по барање на Државното правобранителство на Република Македонија ќе се утврди престанок на правото на користење на градежното земјиште во државна сопственост од ставот (1) на овој член.

(3)Против решението од ставот (2) на овој член може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од приемот на решението.

(4) Правосилното решение од ставот (2) на овој член по службена должност се доставува до Агенцијата за катастар на недвижности.

**Член 80-б**

(1) Со решение на органот на државната управа надлежен за имотно правните работи ќе престане правото на користење на физички и правни лица на градежно земјиште, на барање на лица кои изградиле или стекнале во сопственост објект, односно посебен дел од објект со правен основ, како и објект чиј што правен статус е утврден согласно со Законот за постапување со бесправно изградени објекти и Законот за заклучување на стечајните постапки согласно Законот за присилно порамнување, стечај и ликвидиција и Законот за стечај.

(2) Во случаите од ставот 1 на овој член, правото на користење на земјиштето ќе престане доколку физичките и правни лица запишани како корисници на градежното изградено земјиште, немаат во сопственост објект или посебен дел од објект во рамките на градежната парцела за која е поднесено барање за престанок на правото на користење.

(3) Кон барањето за престанок на правото на користење од ставот (1) на овој член барателот приложува:

- Извод од актот за урбанистичко планирање со кој се утврдува градежната парцела
- Геодетски елаборат за нумерички податоци за формирање градежна парцела, доколку градежното земјиште за кое се бара престанок на правото на користење е дефинирано како градежна парцела и

- Геодетски елаборат за утврдена фактичка состојба и формирање на посебна катастарска парцела, доколку предмет на престанок е градежно земјиште за кое не е дефинирана градежна парцела.

(4) Против решението од ставот (1) на овој член може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од приемот на решението.

(5) Конечното решение за престанок на правото на користење на градежното изградено земјиште е извршно.

(6) Конечното решение за престанок на правото на користење на градежно изградено земјиште (првостепено и второстепено решение) органот на државната управа надлежен за имотно-правните работи е должен по електронски пат да ги достави до Агенцијата за катастар на недвижности и истите претставуваат основ за бришење на правото на користење на градежното земјиште во катастарот на недвижности.

**Член 80-в**

За престанокот на правото на користење на градежно земјиште од членовите 79, 80, 80-а и 80-б од овој закон, одлучува органот на државната управа надлежен за имотно-правните работи на подрачјето каде што се наоѓа градежното земјиште.

VII ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

1. ПРОМЕТ НА ПРАВОТО НА КОРИСТЕЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ

**Членот 81 е укинат,** види: Одлука на Уставниот суд на РМ, У.бр.140/2005 ("Службен весник на РМ" бр.79/06).

2. ПРАВО НА ЗАКУП НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА СТРАНСКИ ЛИЦА

**Член 82**

Странските физички и правни лица корисници на градежно изградено земјиште во државна сопственост, ги задржуваат правата согласно со актите врз основа на кои стекнале право на користење, ако со друг закон или со меѓународен договор што го ратификувала Република Македонија поинаку не е определено.

3. РЕОНИЗАЦИЈА И ЗОНИРАЊЕ

**Член 83**

(1) Заради определување на висината на надоместот за приватизација и закупнина на градежното земјиште се врши реонизација на зоните на градовите и населените места во Република Македонија.

(2) Реонизацијата се врши според местоположбата и степенот на комунална уреденост на градежното земјиште.

(3) Реонизацијата од ставот (1) на овој член ја определува Владата на Република Македонија на предлог на министерот за транспорт и врски.

4. ПРИОРИТЕТ ВО ПОСТАПУВАЊЕ

**Членот 84 е избришан,** види: Закон за изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост ("Службен весник на РМ" бр.27/14).

ЗАПИШУВАЊЕ ВО ЈАВНАТА КНИГА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА НЕДВИЖНОСТИТЕ

**Член 84-а**

Органот на државната управа надлежен за имотно правните работи е должен сите правосилни акти кои содржат правен основ врз основа на кој се врши запишување во катастарот на недвижностите, а се донесени врз основа на овој закон, во рок од пет дена од прибавувањето на доказот за платен надоместок согласно со тарифникот на Агенцијата за катастар на недвижности, заедно со пријавите за запишување по електронски пат да ги достави до Агенцијата за катастар на недвижности.

VII-а - ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

**Член 84-б**

(1) Глоба во износ од 50 до 100 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице во органот на државната управа надлежен за имотно-правните работи, ако во утврдениот рок од членот 29 став (1) од овој закон не донесе решение по поднесеното барање за приватизација.

(2) Глоба во износ од 50 до 100 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице во органот на државната управа надлежен за имотно-правните работи, ако во утврдениот рок од членот 84-а од овој закон, сите правосилни акти кои содржат правен основ врз основа на кој се врши запишување во катастарот на недвижностите, а се донесени врз основа на овој закон, заедно со пријавите за запишување по електронски пат, не ги достави до Агенцијата за катастар на недвижности.

(3) Глоба во износ од 50 до 100 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице во Агенцијата за катастар на недвижности ако во утврдениот рок од членот 33-б став (1) од овој закон не обезбеди доказ по службена должност од органот на државната управа надлежен за имотно-правните работи, дали за градежното неизградено земјиште за кое е поднесена пријавата за промена на правото на користење во право на сопственост по сила на закон е поднесено барање за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост.

(4) Глоба во износ од 50 до 100 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице во органот на државната управа надлежен за имотно-правните работи, ако во утврдениот рок од членот 33-б став (2) од овој закон, до Агенцијата за катастар на недвижности не достави доказ дали за градежното неизградено земјиште за кое е поднесена пријавата за промена на правото на користење во право на сопственост по сила на закон е поднесено барање за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост.

(5) За прекршоците од ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.

## VIII ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 85**

Прописите предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 86**

Започнатите постапки за трансформација на правото на користење на градежното земјиште согласно со членовите 50 и 54 од Законот за градежното земјиште ("Службен весник на Република Македонија" број 53/2001 и 97/2001) до денот на влегувањето во сила на овој закон продолжуваат според Законот согласно со кој се започнати.

**Член 87**

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престануваат да важат членовите 49, 50, 54, 57, 58, 59, 60, 61, 62, 63, 64, 65 и 66 од Законот за градежното земјиште ("Службен весник на Република Македонија" број 53/2001 и 97/2001).

**Член 88**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

***СО ОДЛУКА НА УСТАВНИОТ СУД НА РМ У.бр. 140/2005 ("Службен весник на РМ" бр.79/06):***

1. СЕ УКИНУВА членот 81 од Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр.4/2005).
2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

***ОД ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВАТИЗАЦИЈА И ЗАКУП НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ ("Службен весник на РМ" бр.13/07)***

**Член 2**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

***ОД ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВАТИЗАЦИЈА И ЗАКУП НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ ("Службен весник на РМ" бр.165/08)***

**Член 17**

Започнатите постапки за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост согласно со Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост ("Службен весник на Република Македонија" број 4/2005 и 13/2007), ќе продолжат според одредбите на овој закон.

Започнатите постапки по барања за отуѓување на градежното изградено земјиште во сопственост на Република Македонија, согласно со Уредбата за начинот и постапката за отуѓување на градежно изградено земјиште сопственост на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 13/2003, 59/2003, 84/2003, 20/2004, 43/2004 и 69/2004), до влегувањето во сила на овој закон ќе продолжат според одредбите на овој закон.

Започнатите постапки по барања за отуѓување на градежно изградено земјиште согласно Уредбата за начинот и постапката за отуѓување на градежно изградено земјиште сопственост на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 13/2003, 59/2003, 84/2003, 20/2004, 43/2004 и 69/2004), ќе продолжат според Уредбата, ако:

- барателите го платиле данокот на промет на недвижности и права и е исплатена цената за земјиштето,
- барателите примиле архивски заведен договор од Министерството за финанси, заради плаќање на данок на промет на недвижности и цена за земјиштето и ако го платат во рокот определен во договорот, односно до 31 март 2009 година, доколку не е определен рок во договорот и
- во случаите од алинеите 1 и 2 на овој член е во тек оставинска постапка или треба да се води оставинска постапка за барателот .

**Член 18**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

## ***ОД ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВАТИЗАЦИЈА И ЗАКУП НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ ("Службен весник на РМ" бр.146/09)***

**Член 19**

Започнатите постапки до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе продолжат според одредбите на овој закон.

**Член 20**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

## ***ОД ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВАТИЗАЦИЈА И ЗАКУП НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ ("Службен весник на РМ" бр.18/11)***

**Член 5**

Започнатите постапки за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе продолжат според одредбите од овој закон.

**Член 6**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

## *ОД ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВАТИЗАЦИЈА И ЗАКУП НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ ("Службен весник на РМ" бр.51/11)*

### Член 3

Одредбата од членот 2 на овој закон ќе започне да се применува со денот на започнувањето на примената на Законот за основање на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

### Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува на 31 март 2012 година.

## *ОД ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВАТИЗАЦИЈА И ЗАКУП НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ ("Службен весник на РМ" бр.27/14)*

### Член 47

Подзаконските акти од членовите 16 и 18 од овој закон ќе се донесат во рок од два месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

### Член 48

Корисниците на градежно земјиште кои не поднеле барање за приватизација во рокот до 31 декември 2012 година, можат да поднесат барање за приватизација *до 15 декември 2014 година* [2].

По истекот на рокот од ставот 1 на овој член на градежното земјиште ќе се воспостави закуп согласно со одредбите од овој закон.

### Член 49

Започнатите постапки по барањата за закуп и престанок на правото на користење на градежното земјиште до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе продолжат според одредбите од овој закон.

### Член 50

Започнатите постапки за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост по поднесени барања на правни лица во стечај до денот на влегувањето во сила на овој закон се запираат.

### Член 51

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

[2] Во членот 48 став (1) од Законот за изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост („Службен весник на Република Македонија" број 27/14) зборовите: „во рок од девет месеци од денот на влегување во сила на овој закон" се заменуваат со зборовите: „до 15 декември 2014 година".

***ОД ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВАТИЗАЦИЈА И ЗАКУП НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ ("Службен весник на РМ" бр.144/14)***

**Член 17**

Поранешните сопственици и физичките и правните лица кои за стекнатото право на користење на градежното земјиште платиле надоместок, а по чии барања за приватизација се донесени правосилни управни акти со кои барањето согласно член 6 од Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост ("Службен весник на Република Македонија", број 4/2005, 13/2007, 165/2008, 146/2009, 18/11, 51/11 и 27/14), е одбиено како неосновано, можат да поднесат барање за приватизација согласно одредбите од овој закон до 15 декември 2014 година.

**Член 18**

(1) Органот на управата надлежен за имотно правните работи е должен во рок од шест месеци по истекот на рокот за поднесување на барања за приватизација, до Агенцијата за катастар на недвижности да ги достави сите барања за приватизација на градежното земјиште по кои постапката за приватизација не е правосилно завршена, заради нивно прибележување во катастарот на недвижности и бришење на запишаните права на користење на градежното земјиште во катастарот на недвижности.

(2) Агенцијата за катастар на недвижности е должна во рок од шест месеци од денот на доставувања на барањата од став (1) на овој член, да изврши нивно прибележување во катастарот на недвижности и да изврши бришење на запишаното право на користење на градежното земјиште за кое се однесуваат барањата.

(3 ) Агенцијата за катастар на недвижности во рок од шест месеци по истекот на рокот за доставување на барања од став (1) на овој член, по службена должност врши бришење на сите запишани права на користење на градежното земјиште во катастарот на недвижности.

**Член 19**

Во членот 48 став (1) од Законот за изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост („Службен весник на Република Македонија" број 27/14) зборовите: „во рок од девет месеци од денот на влегување во сила на овој закон" се заменуваат со зборовите: „до 15 декември 2014 година".

**Член 20**

Започнатите постапки по барањата за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе продолжат според одредбите на овој закон.

**Член 21**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост.

**Член 22**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија"

***ОД ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВАТИЗАЦИЈА И ЗАКУП НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ ("Службен весник на РМ" бр.72/15)***

**Член 4**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

***ОД ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВАТИЗАЦИЈА И ЗАКУП НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ ("Службен весник на РМ" бр.104/15)***

**Член 3**

Органот на државната управа надлежен за имотно правните работи е должен во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, по електронски пат да се поврзе со Агенцијата за катастар на недвижности.

**Член 4**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

***ОД ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВАТИЗАЦИЈА И ЗАКУП НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ ("Службен весник на РМ" бр.153/15)***

**Член 16**

„(1) Агенцијата за катастар на недвижности е должна да изврши прибележувања во катастарот на недвижности на барањата за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост доставени согласно со членот 18 став 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште ("Службен весник на Република Македонија" број 144/14) до 15 јуни 2016 година.

(2) По истекот на рокот од ставот (1) на овој член, Агенцијата за катастар на недвижности по службена должност треба да изврши бришење на сите запишани права на користење на градежното земјиште во катастарот на недвижности, најдоцна до 15 декември 2016 година."

**Член 17**

Пријавите за промена на правото на користење на градежно неизградено земјиште во право на сопственост по сила на закон, од членот 33-а од овој закон, може да се поднесат најдоцна до 15 јуни 2016 година.

**Член 18**

Започнатите постапки по барањата за приватизација на градежно земјиште во државна соcптвеност до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе продолжат според одредбите од овој закон.

**Член 19**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

***ОД ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВАТИЗАЦИЈА И ЗАКУП НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ ("Службен весник на РМ" бр.23/16)***

**Член 10**

Започнатите постапки до денот на започнување на примена на овој закон ќе завршат согласно со законот со кој биле започнати.

**Член 11**

Подзаконските акти утврдени со овој закон ќе се донесат во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 12**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува со денот на започнувањето на примената на Законот за општата управна постапка, согласно со членот 141 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" број 124/15).

***ОД ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВАТИЗАЦИЈА И ЗАКУП НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ ("Службен весник на РМ" бр.178/16)***

**Член 12**

Одредбите од членовите 2 точки 5, 34, 35, 36 , 37, 38, 39, 45, 46, 47, 48, 49, 50, 51, 52, 70-а, 70-б и 70-в од Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост ("Службен весник на Република Македонија" број 4/2005, 13/2007, 165/2008, 146/2009, 18/11, 51/11, 27/14, 144/14, 72/15, 104/15, 153/15 и 23/16) ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2022 година.

*Во членот 12 зборовите: „нема да се применуваат во рок од две години од денот на влегувањето во сила на овој закон", се заменуваат со зборовите: „ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2022 година", види: член 5 од Закон за изменување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост ("Службен весник на Република Македонија" бр. 120/18).

**Член 13**

Започнатите постапки по барањата за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе продолжат според одредбите од овој закон.

**Член 14**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

***СО ОДЛУКА НА УСТАВНИОТ СУД НА РМ У.бр. 49/2017 ("Службен весник на РМ" бр.30/18):***

1. СЕ УКИНУВА членот 15 од Законот за изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр.144/2014).
2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија".

***ОД ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВАТИЗАЦИЈА И ЗАКУП НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ ("Службен весник на РМ" бр.120/18)***

**Член 2**

Корисниците на градежно земјиште кои не поднеле барање за приватизација до 15 декември 2014 година, можат да поднесат барање за приватизација до 31 декември 2021 година.

**Член 3**

(1) Органот на управата надлежен за имотно-правните работи по истекот на рокот за поднесување на барања за приватизација, е должен до 30 јуни 2022 година, до Агенцијата за катастар на недвижности да ги достави сите барања за приватизација на градежното земјиште по кои постапката за приватизација не е правосилно завршена, заради нивно прибележување во катастарот на недвижности и бришење на запишаните права на користење на градежното земјиште во катастарот на недвижности.

(2) Агенцијата за катастар на недвижности, е должна да изврши прибележувања во катастарот на недвижности на барањата за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост доставени согласно со ставот (1) на овој член до 31 декември 2022 година.

(3) По истекот на рокот за доставување на барањата од ставот (2) на овој член, Агенцијата за катастар на недвижности по службена должност треба да изврши бришење на сите запишани права на користење на градежното земјиште во катастарот на недвижности, најдоцна до 30 јуни 2023 година.

**Член 4**

Пријавите за промена на правото на користење на градежно неизградено земјиште во право на сопственост по сила на закон, од членот 33-а од Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост („Службен весник на Република Македонија" број 4/2005, 13/2007, 165/2008, 146/2009, 18/11, 51/11, 27/14, 114/14, 72/15, 104/15, 153/15, 23/16 и 178/16), може да се поднесат најдоцна до 31 декември 2022 година.

**Член 5**

Во членот 12 од Законот за изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост („Службен весник на Република Македонија" број 178/16), зборовите: „нема да се применуваат во рок од две години од денот на влегувањето во сила на овој закон", се заменуваат со зборовите: „ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2022 година".

**Член 6**

Започнатите постапки по барањата за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе продолжат според одредбите од овој закон.

**Член 7**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

***ОД ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВАТИЗАЦИЈА И ЗАКУП НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ ("Службен весник на РСМ" бр.122/21)***

**Член 2**

Започнатите прекршочни постапки до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе завршат согласно со Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост („Службен весник на Република Македонија" број 4/2005, 13/2007, 165/2008, 146/2009, 18/11, 51/11, 27/14, 144/14, 72/15, 104/15, 153/15, 23/16, 178/16 и 120/18).

**Член 3**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".